Христо АНДОНОВ — ПОЛЈАНСКИ

# ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

*Стогодишнина од неговото раѓање (1872—1972)*

ЈУБИЛЕЈОТ НА ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ, стоте години од раѓањето на овој предводник на македонското националноослободително движење од крајот на минатиот и почетокот на овој век, даде евидентно значајни можности, во условите на квалитетно реализирање и надминување на неговите идеали и цели, да се разработи и претстави неговото вистинско место и улога во современата историја на Македонија.

Појавата на Гоце Делчев на македонската историска сцена не беше случајна како што не беше случајно разраснувањето на македонското националноослободително движење. Тие две епохални и движечки појави беа суштествено поврзани, произлегуваа од специфичните историски услови на Македонија во последните децении на XIX век. Општествените односи, закономерностите на времето го определуваа патот и перспективата во појавата и дејствувањето на оваа маркантна фигура, како двигател и протагонист на историската сцена на Македонија. На оваа сцена тој се појави во едно специфично време, во времето кога сите општествено-економски и политички претпоставки беа на лице и присутни, за издигнување на вековно тлеените надежи и стремежи за слобода и рамноправна егзистенција во семејството на слободните народи. Гоце Делчев произлезе токму од тоа време, беше условена неговата појава од законитиот историски развиток на современа Македонија. На тој сосема логичен процес тој му даде свој својствен, прогресивен печат, го раздвижи и го постави на високи начела, му вдахна современ револуционерен дух на времето, го исфрли и го постави на раскрсницата на историјата и на столетијата. Тоа е епохата во која Македонија се наоѓаше на патот меѓу себенаоѓањето и револуцијата. Вековно тлеените желби прерасНаа во настојување преку отпорот да се реализира слободата како единствен излез и евидентно важен

модус во револуционерната филозофија. Изградувањето на оваа револуционерна линија во македонското националноослободително движење се одвивало низ еден горничав пат, низ еден логичен историски развиток. Поврзано со тоа, национално-ослободителната концепција на Гоце Делчев се изградувала по еден континуиран пат, преку усвојување на најпрогресивното од науката, литературата, филозофијата и социјализмот. Таквата насоченост во неговото изградување нужно се сврзува со македонското ослободително дело.

Гоце Делчев се наоѓал под силното влијание на прогресивните идеи од XIX век. Тој се влијаел од поуките и искуствата на бројните револуции од овој век, од Париската комуна 1871 година, од идеите на руската револуционерно-демократска литература. Еден негов современик запишал дека тој ги читал „делата на Маркс, Енгелс, Кауцки, Шелгунов, Чернишевски, Добролјубов, Херцен.“ Тој пројавувал голем интерес кон делата на научниот социјализам. Повеќе негови современици изнесуваат податоци дека тој го читал Маркса и Енгелса и дека се влијаел од нивните идеи. Еден современик вели: „. . . Гоце стигнува до големото учење на Маркс и Енгелс и е поразен од неговата длабочина, сила и вистинитост.“

Врз Гоце Делчев влијаеле и други револуционерни и социјалистички идеи. Врз него влијаеле и различни револуционерни, утописко-социјалистички, утописко-комунистички и анархистички идеи, особено оние на Бланки, Кропоткин, Бакунин, Михаилович—Кравчински—Степњак и други. Особено го привлекувале крајно револуционерните идеи на Бланки. Некои од овие идеи тој се обидел да ги примени и да ги изразува.

Гоце се влијаел и од идеите на револуционерните демократи и социјалисти што потекнувале од Македонија. Го привлекле идеите на Спиро Гулапчев, кои претставувале една варијатна на руското народништво; на марксистичките погледи на Димитар Благоев со чии идеи и книги Гоце се запознал уште во текот на своите ученички години. Тој бил мошне близок и го имал за свој верен соработник марксистичкиот борец и теоретичар Димо Хаџи Димов. Преку него Гоце и се запознава со социјалистичката литература. Во исто време Гоце се движел и во кругот на Васил Главинов, првиот пропагатор на социјализмот во Македонија.

Оваа револуционерно-демократска и социјалистичка платформа влијаела во помал или во поголем степен врз идеолошкото изградување на Гоце Делчев, да се оформи тој како социјалист и како револуционерен демократ, кој ќе се посвети на македонското ослободително дело. Запознавањето со социјалистичките идеи инзвонредно му спомогнало на Гоцета во изградувањето на неговата револуционерно-демократска фигура. Таа негова социјалистичка школа имаше влијание врз неговата натамошна револуционерна дејност за внесување на социјалната содржина во македонското националноослободително движење. Тој се ориентирал кон најправилниот научен поглед на светот, кон општествените закони на дви-

жењето, што сè заедно му спомогнало во ориентирањето кон македонското националноослободително дело. Гоце Делчев бил свесен дека конкретната ситуација во Македонија не трпи шаблонска примена на научните погледи и идеи. Затоа тој и дејствувал како типичен револуционерен демократ, кај кого, поради специфичните објективни услови, национално-ослободителната идеја стоела на прво место и имала превосходно значење. Социјалистичките идеи кај него оставиле неизбришливи траги. Тоа се одразило во правилното објективно и суштинско концептирање на македонската национално-ослободителна борба, во револуционерната филозофија, во решавањето на социјалните проблеми, но, со не толку изградена социјална програма, на најрадикално поставување на низа прашања и проблеми од општествениот и социјалниот живот. Своето идеолошко определување тој самиот го изкажал во зборовите: „Јас по душа сум анархист, по убедување социјалдемократ, а по дела револуционер.“ Величината на неговото идеолошко определување се состои во тоа што тој излегол од тесните рамки на националната слобода и се искачил кон врвиците на интернационалното, кон хуманизмот и космополитизмот. Да се потсетиме на неговата мисла: „Јас го разбирам светот единствено како поле за културно натпреварување меѓу народите.“ Неговата визија е светот на слободните народи, а проткаена е со длабок хуманизам и возвишеност.

Револуционерно-демократската концепција на Гоце Делчев поаѓала од историското оправдување на револуцијата. Тој е радикален приврзеник на револуционерната страна во концепирањето на историската иницијатива на масите. Но тој поаѓал и од возвишената цел, од моралната страна во суштината на револуционерната преобразба, почитувајќи ја компонентата на поединецот и на масата — народот. Борбата на поединците ја сметал како преодна етапа, како премин кон колективната, кон револуцијата во полната смисла на зборот.

Во револуционерно-демократската концепција на Гоце Делчев најопределено е изградена суштината на македонската национално -ослободителна борба. Во тој концепт е содржана идејата на револуционерно организирање на македонските онеправдани маси, со точна поставена аксиома за стриктна самостојност и самобитност на Македонија. Тука влегувале и основните компоненти на македонската револуција во што како составен дел стоела систематската агитација, подготвување на масите за таа висока цел. Во таа доследност кон самобитноста и самостојноста на македонско дело Гоце Делчев го концептирал и прашањето за создавање на македонската држава, за реализирање на државотворните традиции на Македонија.

Меѓу значајните проблеми во револуционерно-демократската концепција на Гоце Делчев спаѓа и неговата определба за македонската национална самосвест. Тој, како и другите протагонисти на македонското движење, се трудел да даде вистинско толкување на

желбите и стремежите на македонскиот поробен народ. Во движењето на македонските маси кон таа цел се пројавила нивната свесна иницијатива за национална слобода и социјална правда. Во реализирањето на таа цел борбата требало да се води на неколку фронта: против господарскиот османски режим, против завојувачките апетити на балканските буржоазии, посебно против врховизмот и Егзархијата. Во една таква атмосфера требало Македонија да се изградува себеси, да се осознае национално, да ги изрази сите компоненти на национално-политичката обособеност. Токму во такви услови Гоце Делчев успеа да придонесе извонредно многу за оформување на македонската национална свест, не дозволувајќи никакво мешање на завојувачките пропаганди, цврсто стоејќи на пиедесталот на самостојноста и самобитноста на македонското ослободително дело. Неговиот ѕвезден миг бил свртен кон неговиот народ, кон ослободителната идеја, кон напорите да се оствари високиот чин на револуцијата и тоа во името на една светла цел: ослободување на земјата на македонскиот народ и на народностите во неа. Тој е за сплотеност на сите онеправдани во борбата против тиранијата, за слобода и единство. Поврзано со тоа стоела идејата за федерацијата како највозвишена цел. Овие негови гледишта сосема природно придонесоа за разбистрување на низа поставки, го насочија развојот на македонската национално-ослободителна идеја, ги усмерија патиштата на националната обособеност.

Како хуманист и револуционерен демократ Гоце Делчев отфрлал секоја национална омраза. Таа негова висока добродетел Пеју Јаворов вака ја окарактеризирал: „Туѓ на секаков шовинизам, тој работеше со сите што страдаат од тиранијата. И пред неговата пламена и убедлива реч изчезнуваа сите национални караници во името на една самоуправна Македонија. Пред неговото восторжено претскажување на една федеративна република на Балканскиот Полуостров исчезнуваа сите племенски омрази.“

Пропагирајќи ја ослободителната идеја, Гоце Делчев настојувал да ги обедини сите експлоатирани маси против тиранијата, да ги поведе кон слобода. Тој не прави разлика меѓу македонскиот народ и другите народности во Македонија, вклучувајќи ги и претставниците на владеачката нација — Турците. Тој се борел против сите народни изедници и експлоататори, независно од која средина тие и да доаѓале. Позната е неговата мисла: „Јас не ги мразам Османците како народ; јас војувам против османската тиранија како владеачка система“. На еден народен собир тој рекол: „. . . Прибирајте во својата организација што повеќе напредни луѓе, работете за единството на нашиот народ, во своите редови земете ги напредните Турци, не иставајте се ни од Циганите — во своите редови приберете ги сите оние што искрено сакаат да се борат за слободата на својот народ.“ Ова го надополнувал и со зборови-

те: „. . . сите страдаме еднакво од Султанот, а не се бориме против турскиот народ. Македонија ќе стане земја за сите што живеат во неправда, за Турци и за Власи, па и за Грци. Македонците во својата република ќе живеат сите како браќа.“

Оваа Гоцева прогресивна концепција наишла на одобрување и признание кај значителен дел од народностите во Македонија. Таа била во согласност со неговото прогресивно и возвишено разбирање за суштината на национално-ослободителната платформа на народите, со што уште поизразито испакнува неговата големина како бележит револуционерен демократ, народен трибун и корифеј во историјата на македонското националноослободително движење, како типичен балкански Гарибалди, како тип на неуморен народен револуционер.

ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ живееше сè на сè триесет и една година (1872—1903). На македонското револуционерно поприште дејствуваше помалку од една деценија (1894—1903). Токму за ваков мошне краток период тој успеа да изврши превосходна историска и одговорна задача: да го сети пулсот на македонските поробени маси, да ги разбуди и освести, да им влее верба во себе, да им го покаже патот на слободата и средствата за нејзино остварување. Вооружен со социјалистички поглед на свет, со јасна визија за иднината на македонскиот народ и на народностите во Македонија Делчев успеа да се издигне над своите современици и како типичен народен водач и вистински револуционерен демократ се застапувал за братско и федерално обединување на народите.

Со сета своја идеолошка и револуционерна дејност Гоце Делчев влезе во традициите на македонските прогресивни генерации, стана знаме и патоказ, непресушен извор на македонските борби за слобода и егзистенција. Тој придонесе мошне многу за натамошниот развој на македонското националноослободително движење, за македонската национална еманципација. Тој ги расчисти патиштата за дооформување на идеите за македонската национална обособеност и самобитност. Неговата револуционерна традиција служеше како светол идеал, како најскапоцено наследство, како патоказ во борбата на македонските прогресивни генерации против сите обиди да се сврти македонското дело на релации туѓи на неговата ослободителна епопеја. Токму затоа и македонските прогресивни генерации ја носеа легендата и поракати на Гоце, се стремеа кон реализирање и надминување на неговите идеи. Тие идеи можеа да бидат доследно остварени, спроведени и надминати во една друга историска ситуација, во времето на Народноослободителната

борба, која прераснуваше во победоносна социјалистичка револуција. Тие негови идеи го зрачеа современиот живот, се изразија и дојдоа до највиден израз во создавањето на слободна, самоуправна македонска република во рамките на социјалистичка Југославија, како своевиден паметник на големото достоинствено Гоцево дело.

Оценувајќи ја маркантната фигура на Гоце Делчев и неговиот удел и место во македонската ослободителна епопеја, во поуките и искуствата на македонските прогресивни револуционерни традиции, можеме да дојдеме до евидентниот заклучок, дека тој со своето дело и дејност, со својата универзална идеолошка платформа, изградена на прогресивни начела, изврши превосходно забележителна улога во современата историја на Македонија.